

**“Пет минути од денонoќието и посветувам на маченицата Македонија, за да се соочам со мојата Македонска свест и да се уверам дека не е ништо она што досега сум го сторил за неа. Ја сакам Македонија повеќе од се друго на светот“**

Владимир (Славчо) Ковачев (5.I.1875 - 1910) е македонски револуционер, член на Македонската револуционерна организација. Тој е брат близнак со Владислав (Славчо) Ковачев, истакнат деец на Организацијата и бил близок соработник на Гоце Делчев. Уште од школски клупи Владимир Ковачев пројавувал интерес кон литературата. Со Христо Силјанов ја издаваат заедничката песнарка „Тагата на робот“.

Владимир Михаилов Ковачев е роден на 5 ти јануари 1875 година во градот Штип. Неговиот татко Михаил (1840–1908) бил раководител на Штипскиот револуционерен комитет и учесник во Илинденското востание. Чичко му Јосиф Ковачев (1839–1898), познат педагог, бил основач на првото машко педагошко училиште во Штип (1869) и автор на учебници за тогашните училишта. Брат му близнак Владислав (Славчо) е Штипски војвода во времето на Илинден и автор на брошурата „Авртономна Македонија“. Има уште еден помал брат Антон.

Владимир поминал дел од своето детство во Скопје. Образованието го продолжил во Софија, каде што со бројното семејство емигрирал кон крајот на XIX век.  Во текот на релативно краткиот живот, рано се пројавил како учесник во револуционерното движење.

Се школувал како питомец на софиското Воено училиште. Таму се зближил со Гоце Делчев и заедно со уште четворица питомци бил избркан од последниот курс поради анонимно писмо испратено до министерот за војна.

Ковачев работел како учител во Штип, Скопје и Солун. Дипломирал право на Сорбона.

Во Софија во ноември 1898 година тој е меѓу основачите на Штипското добротворно братство.

Во Софија се запознава со социјалистичките идеи и ги запознава Димитар Благоев, Васил Главинов и Спиро Гулабчев.

Уште од школски клупи Владимир Ковачев пројавувал интерес кон литературата. Од тој период потекнува неговата ракописна стихозбирка „Песни за Македонија”, а подоцна со Христо Силјанов ја издаваат заедничката песнарка „Тагата на робот“. Контактира со македонската група околу списанието „Лоза”.

Владимир Ковачев починал во 1910 година во Софија.



Подготвил: Т.К.